Архивски знак: 0507
Рок на чување: 10 год.
2016 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавни набавки набавки („Сл. весник на РМ“ број 27/15, 78/15 и 192/15) и членовите 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинска управа донесе

# ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда

Врз основа на Извештајот од спроведена постапка број 05-001827/16-0015 од 23.03.2016 година, доставен од Комисијата за јавни набавки по спроведена отворена постапка со оглас број 01/2016 за доделување на договор за јавна набавка на „Набавка за избор на агенција за привремени вработувања“, како најповолен понудувач се избира:

Агенција за привремени вработувања МОТИВИ Скопје

Правата и обврските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавни набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки Директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука за јавна набавка број 05-001827/16-0003 од 01.02.2016 година, за „Набавка за избор на агенција за привремени вработувања“, согласно Годишниот план за јавни набавки во 2016 година на Царинската управа.

Потребните средства за оваа намена во вкупен износ до 1.500.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани и обезбедени со Буџетот на Царинска управа на Р.Македонија за 2016 година, раздел 09003 – Царинска управа, сметка 787, програма 20, ставка 427.

Јавната набавката се спроведе со отворена постапка, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и со примена на електронска аукција, согласно член 22, член 64 и член 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-001827/16-0015 од 23.03.2016 година со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да се избере Агенција за привремени вработувања МОТИВИ Скопје (ЕДБ 4030008051225 / ЕМБ 6429971), со доставена понуда број 05-001827/16-0009 од 10.03.2016 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:
Согласно член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 8 (осум) дена од денот на прием на известувањето.

Директор,
Натал[illegible]адеска -Крстевска

Бр. 05-001827/16-0017
Скопје, 28 -03- 2016 г.

Доставено во оригинал до:
- Претседателот на комисијата за јавни набавки
- Писарница/архива,

Доставено преку ЕДМС до:
- Заменик претседателот, членовите и замениците членови на комисијата,
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Мирјана Станоева
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Цутески